ELECTORAL SUPPORT PROGRAMME
ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ИЗБОРИТЕ
PROGRAMI PËR MBËSHTETJEN E ZGJEDHJEVE

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

# АНАЛИЗА НА ИЗБОРНИТЕ ВЕТУВАЊА НА ПОЛИТИЧКИТЕ СУБЈЕКТИ
# **РОДОВИ ПРАШАЊА - ИЗБОРИ 2024**





Анализа на родовите прашања во програмите на кандидатите за Претседател и изборните програми на политичките партии и коалиции

и

Анализа на вклученоста на родовите прашања во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 Скопје, август 2024

спроведено од: International Foundation for Electoral Systems

# Содржина


**01** Вовед

**02** Застапеност на родовите прашања во програмите на кандидатите за Претседател

Опфат на родовите прашања

**03** Заклучни согледувања од програмите на кандидатите за Претседател

**04** Застапеност на родовите прашања во изборните програми за Парламентарните избори

Опфат и третман на родовите прашања

**05** Заклучни согледувања од изборните програми за парламентарните избори

**06** Препораки

**07** Преглед на вклученоста на ветувањата за родовите прашања во Програмата за работа на Владата 2024 - 2028

Компаративна анализа на опфатот и третманот на родовите прашања

**08** Заклучни согледувања од компаративната анализа

**09** Препораки



Оваа анализа е направена во рамките на Програмата за поддршка на изборите на Владата на Швајцарија, имплементирана од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС). Ставовите, мислењата и содржините изразени во овој документ не мора да ги одразуваат ставовите на донаторот, проектот или имплементаторот.

# 01 Вовед

Во Република Северна Македонија во 2024 година се спроведоа претседателски и парламентарни избори. Претседателските избори се реализираа во прв круг на 24 април, додека вториот круг се реализираше на 8 мај заедно со парламентарните избори. Во текот на предизборната кампања за Претседател на државата граѓаните имаа можност да се запознаат поблиску со стратешките определби и целите на кандидатите за Претседател претставени во нивните програми, додека пак предизборната кампања за избор на пратеници во Собранието ги доближи до граѓаните изборните програми на политичките партии и коалиции.

Предметот на оваа анализа е претставен на две нивоа и тоа:

1. Застапеност на родовите прашања, јакнењето на жените и вклучувањето во програмите на кандидатите за Претседател и во изборните програми на политичките партии и коалиции за парламентарните избори. При тоа анализата ги зеде во предвид програмите на следниве политички субјекти и кандидати за Претседател[1]:

- ·ВМРО – ДПМНЕ, Платформа "Македонија повторно горда" и нивната кандидатка Гордана Силјановска Давкова и изборната програма за парламентарните избори насловена "Платформа # 1198".
- СДСМ и Коалиција за Европска иднина, изборната програма на кандидатот за Претседател Стево Пендаровски ,Нашиот претседател Стево" и изборната програма за парламентарните избори насловена "Програма за европска иднина 2024".
- ·Европски фронт, Декалог на Европскиот Претседател со кандидатот за Претседател Бујар Османи и изборната програма за парламентарните избори "Европа 2030".
- ·Коалицијата Вреди, изборната програма на  на кандидатот за Претседател Арбен Таравари ,Претседателска платформа"и изборната програма за парламентарните избори "План 2030".
- ·Левица, изборната програма на кандидатката за Претседателка Биљана Ванковска "Го враќаме достоинството на нацијата" и и изборната програма за парламентарните избори "Неподмитливите во Собранието".
- ·ГРОМ, изборната програма "Храбро за Македонија" на кандидатот за Претседател Стевчо Јакимовски.
- (Програмата на кандидатот за Претседател Максим Димитриевски не беше достапна онлајн)

[1] Називот на програмите и имињата на политичките субјекти ее превземени од насловните страници на програмите на кандидатите за Престедател и на изборните програми за парламентарните избори. На овој начин еднозначно ќе се употребуваат и понатаму низ документот. Исто така терминологијата која се користи во документот во однос на официјални називи како што е името на државата се користи идентично како што е употребена во изборните програми на кандидатите за Претседател и изборните програми за парламентарните избори.

**2.** Опфат и третман на родовите прашања во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 при што оваа анализа ги зеде во предвид изборните програми на политичките субјекти кои ја сочинуваат Владата т.е:

- ·Изборната програма на ВМРО– ДПМНЕ “Платформа # 1198”.
- Изборната програма на Коалицијата ,Вреди, “План 2030”.
- ·Изборната програма на Движењето Знам ,Проглас за достоинствена Македонија,.

Родовите прашања и прашањата кои се однесуваат на младите се пренесувале од еден до друг изборен циклус во изборните програми на политичките субјекти во иста или слична форма. Од друга страна, бројни анализи покажуваат дека реализацијата на ветувањата поврзани со родовите прашања исто така била на ниско ниво. Тоа укажува дека овие прашања биле површно третирани, понекогаш на ниво на декларативни заложби и со отсуство на подетална анализа за тоа кои се вистинските потреби, преземените меѓународни обврски и веќе воспоставените стандарди во рамки на законскатарамка. Затоа во овој изборен циклус е важно да се согледа дали има некаква стратегија, односно каква е стратегијата на политичките субјекти во однос на родовите прашања и соодветно да се предложат одредени препораки за имплементација на конкретни мерки и политики понатаму, како на национално, така и на локално ниво. Токму тоа е и една од целите на оваа анализа која својата примена ќе ја најде во јавната дискусија поврзана со претседателските и параламентарните избори, но и во периодот пред и за време на претстојните локални избори во 2025 г.

## 02 Застапеност на родовите прашања во програмите на кандидатите за Претседател

Од општата анализа на програмите на кандидатите за Претседател на државата може да се заклучи дека согласно ингеренциите кои ги носи со себе оваа функција, фокусот е ставен на уставниот поредок, владеење на правото и правдата, зачувување на безбедноста и националниот идентитет, надворешна политика, членството во НАТО и ЕУ и обединувањето на државата, а помалку на мултисекторските прашања и политики како што се родовите и младинските прашања.
Сепак, во програмите на политичките партии како што се СДСМ и Коалицијата за Европска иднина, ВМРО – ДПМНЕ и Европскиот фронт или пак Коалицијата Вреди, може да се забележат и прашањата кои се однесуваат на жените и младите. Во продолжение следи краток преглед за опфатот на овие прашања во програмите на кандидатите за Претседател.

### Опфат на родовите прашања

Родовите прашања се минимално застапени во програмите на кандидадите за Претседател. Кај скоро сите кандидати воопшто не се спомнуваат родовите прашања т.е прашањата поврзани со жените. Исклучок од ова е програмата на кандидатката Гордана Силјановска-Давкова. За прв пат во на овие избори  имаше две жени кандидатки за преседателки и нивната програма беше дијаметрално различна. Во програмата на кандидатката Гордана Силјановска Давкова имаше застапеност на родовите прашања (на која се осврнуваме подолу), а во програмата на кандидатката Ванковска родовите прашања не беа застапени и со ова се потврдува дека пол на кандидатот не нужно влијае на (не)застапеноста на родовите прашања во изборната програма, како и фактот што еднаквите можности не треба да бидат прашање за кои се залагаат само жени. И додека во програмата на кандидатот на СДСМ и Коалицијата за Европска иднина има посебни секции насочени кон младите, маргинализираните

граѓани, лицата со поинаква сексуална ориентација и родов идентитет, како и лицата со попреченост, ваков посебен пристап нема кон прашањата поврзани со жените. Родовите прашања се застапени до одредена мера во програмата на кандидатката на ВМРО – ДПМНЕ. При тоа во одредени делови од програмата само се споменува родовиот концепт, додека во други се вклучени и донекаде разработени конкретни мерки за постигнување родова рамноправност. Во програмата во одредена мера се користи родово сензитивен јазик. Во делот на програмата на кандидатката на ВМРО–ДПМНЕ кој се однесува на најдиректните кадровски решенија поврзани со кабинетот на потенцијалната идна претседателка се наведува родовата димензија како еден од аспектите при изборот на соработници. Во делот од програмата Безбедност, одбрана и НАТО како посебен проект е издвоен Центарот за извонредност на жени, мир и безбедност како едно од најважните прашања. Овој Центар би се формирал со цел промоција на жените во безбедноста и одбраната во Македонија и во регионот, а врз основа на теоретски и практични сознанија за улогата на жените во безбедноста. Овој проект е пример за конкретно решение со кое се спроведува политиката на родова еднаквост и зајакнување на положбата на жените во областа на безбедноста. Понатаму, во делот Дипоnumатија се најавува проект за Професионализација и родова рамноправност во дипломатската служба, иако во рамките на овој проект има само заложба за еднаквост по сите основи, но не и конкретни мерки во однос на обезбедување родова рамноправност. Во делот Заштитничка на најранливите категории граѓани се споменува декларативна поддршка и заложба за жените Ромки, како припаднички на помала етничка заедница, особено по прашањето на невработеноста, здравствените и социјалните прашања.

> Кандидатката на ВМРО- ДПМНЕ себеси се идентификува „како активистка и бранителка на: женските права, правата на најранливите категории и социјалната правда„.
>
> Извадок од изборната програма на Гордана Силјановска Давкова

## 03 Заклучни согледувања од програмите на кандидатите за Претседател

Од овој детален осврт на програмите на кандидатите за Претседател може да се заклучи дека опфатот на мултисекторските прашања, генерално е недоволен. Ова особено важи за родовите прашања кои освен во програмата на кандидатката на ВМРО–ДПМНЕ не ги наоѓаме ниту во една од другите анализирани програми.

Евидентен е напорот на дел од кандидатите за Претседател во своите програмида најдат место за родовите прашањата. Сепак, ова е само почеток и добра основа во иднина кандидатите за Претседател што повеќе да вклучуваат вакви прашања во својата работа и да ги операционализираат преку своето делување.

Интеграцијата на родовите прашања во националната законска и инситуционална рамка е реалност, но имплементацијата во пракса треба да биде засилена. Затоа заложбите на кандидатите за Претседател кон овие групи граѓани треба да бидат зајакнати и преточени во што поконкретни мерки понатаму и преку програмата и мерките на политичките субјекти кои ќе се најдат во идната Влада. Испраќањето на порака од највиско ниво, од позиција на Претседател на држава дека прашањата кои ги засегаат правата на жените треба да се најдат високо на агендата на институциите на државно ниво и на локално ниво значи и со тоа даде пример како истите доследно да се спроведуваат преку издвојување на соодветни човечки и фанансиски ресурси

# 04 Застапеност на родовите прашања во изборните програми за Парламентарните избори

Анализата на изборните програми на политичките партии и коалиции за парламентарните избори 2024 покажа дека во нив се застапени мерки и политики кои се однесуваат на жените. Кај некои политички субјекти како што се Левица, овие мерки и политики се вклучени воглавно во рамки на посебните области/сектори, додека пак кај други како што се ВМРО–ДПМНЕ, Коалицијата Вреди и Европскиот фронт издвоени се посебни поглавја посветени на младите. Ова зборува дека политичките субјекти, се обидуваат да воспостават стратешки пристап кон прашањата поврзани со жените.
Низ програмите преовладуваат слични мерки со тоа што кај политичките субјекти кои имаат поголем број претставници во Собранието присутен е поширок спектар на мерки и политики од повеќе области. Но, клучните прашања за младите и жените (како што се образованието, вработувањето, стандардот и учествотоздравството, економската поддршка и вработувањето, како и социјалните мерки), се присутни кај сите политички субјекти. Исто така, во изборните програми за парламентарните избори може да се забележат мерки кои веќе се присутни или се спроведуваат, како и сосема нови мерки или пак укинување на некои постоечки мерки. Во продолжение следува детална анализа на опфатот на прашањата за млади и жени во изборните програми за парламентарните избори.

## Опфат и третман на родовите прашања

### Фокус политики за родови прашања

Како што беше истакнато погоре, родовите прашања наоѓаат свое место во изборните програми за парламентарните избори. За жал, таквиот опфат е мошне ограничен кај поголем дел политички субјекти без вистинска интеграција на мерки и политики низ сите области и на сите нивоа. Исклучок од ова се политичките партии кои имаат поголем број претставници во Собранието , каде иако не доволно длабински, сепак постои одредено ниво на интеграција на политиките за жени низ целата програма.

Прегледот на опфатот на родовите прашања е поделен во два дела и тоа:

- Фокус политики за родови прашања посветен на политики за родови прашања во кој се обработуваат сите мерки од изборните програми на политичките субејкти кои даваат фокус на политиките за родови прашања ,

и

- Меѓуресорски политики за родови прашања каде се дава преглед на сите други родови мерки застапени во различни тематски области во изборните програми на политичките субјекти.

Програмата План 2030 на Коалицијата Вреди, програмата Европа 2030 на Европскиот фронт не содржат посебни поглавја или сегменти за жените и родовите прашања, па затоа тие мерки се прикажани само во делот мултисекторски политики за родови прашања.

Платформа # 1198 на ВМРО-ДПМНЕ

Во Платформа # 1198 на ВМРО–ДПМНЕ фокус на родовите прашања има во поглавјето VI. Права и слободи, програмски сегмент Жената–центар на македонското општество. Овој програмски сегмент вклучува повеќе аспекти како што следува:

- Против насилството врз жените – како мерки кои се издвојуваат во овој аспект се: отворање нови десет центри за згрижување и поддршка на жени жртви на полово базирано насилство, лиценцирање на давателите на услуги за специјализирани сервиси за полово базирано насилство, како и формирање мултисекторски општински тимови кои постапуваат според предвидениот модел за пријава на случаи на различни форми на насилство. Исто така, се предвидува и зајакување на капацитетите на професионалците кои даваат услуги на жртвите на насилство. Понатаму, како посебен дел за борба против насилството се обработува надминувањето на проблемот со насилство во училиштата преку нови програми за советување на деца и родители како и нови процедури за постапување.

- Поддршка на жената во семејството каде се предвидени стимулативни мерки за родилки како на пример поддршка за работодавачите кои воделе флексибилна работа од дома која им овозможува на жените да ги прилагодат своите семејни и работни обврски, како и посебни мерки за бремени жени и доилки кои се однесуваат на психолошка поддршка на жени во текот на целата бременост и постпородилно.

**Сегментот Жената –центар за македонското општество започнува со тезата: ‚Еднаквоста на жените и мажите е основно човеково право, суштински елемент на демократијата и императив на социјалната правда"**

**Извадок од изборната програмас Платфрома # 1198 на ВМРО–ДПМНЕ**

- Јакнење на економската независност на жените каде како посебни мерки се издвојуваат еднакви плати за жените и мажите, потоа подобрување на условите за жените земјоделки преку системско решение со кое жените земјоделки ќе можат да си го остварат правото на пензија и породилното отсуство, реализација на курсеви за преквалификација и доквалификација, поддршка на мајки на деца со попреченост, како и образование достапно за сите девојчиња за кое се вели: ‚целосно ќе ги вклучиме во образовниот процес и оние млади девојки кои сѐ уште не се дел од истиот. На младите девојки ќе им обезбедиме кариерно советување во училиштата."

- Македонското здравство–поддржувач на жените, во кој се предвидува ‚достапна, ефикасна превентивна здравствена заштита заради спречување на малигните заболувања кај жените, права на пристап до соодветни здравствени услуги кои на жените ќе им овозможат безбедна бременост и породување, а на двојките ќе им ја дадат можноста да имаат здраво новороденче." Исто така, се обработува и напредување на репородуктивното здравје кај жените.

## Програма за европска иднина 2024 на СДСМ и Коалицијата за европска иднина

Во ова програма, фокусот на политиките за родова еднаквост е во поглавјето IV. Европски квалитет на живот. Имено, во ова поглавје се истакнува дека ‚Родовата еднаквост останува наш политички императив, бидејќи секоја една е вредна и заслужува да биде еднакво почитувана, слушната, уважена, институционално заштитена и платена.“Понатаму родовите прашања се претставени како што следува:

· Поголемиот дел од сегментот родова еднаквост вклучува заложби за остварување на родовата еднаквост и збир на конкретни мерки преку кои би се остварила и тоа: нов Закон за родова еднаквост со кој се предвидува и воспоставување на Секретаријат за родова еднаквост, во новиот Изборен Законик да се воведе паритет т.е. принципот 50% – 50% од обата пола на пратеничките и советничките листи во општините и Градот Скопје, и задолжителни 30% жени кандидатки за градоначалнички. Понатаму, се предвидува да се унапреди законската заштита на бремените работнички при што системски би се регулирало породилното отсуство на жените земјоделки, воведување на политика за стипендирање на девојки во STEM (Science, Technology, Engineering and Mathematics), зголемен опфат на жени со превентивни прегледи предвидени со Програмата за рана детекција на малигни заболувања и зголемена поддршка за учество на жените во програмите за финансиска поддршка во земјоделството. Родовата еднаквост се планира да биде инкорпорирана низ сите наставни програми.

Во поглавјето VII. Младите столб на иднината презентиран е Младинскиот манифест во кој се прикажани заложбите на младите за следниот период, а меѓу нив се вклучени и заложби за родова рамноправност во делот Еднаквост и вклученост за тебе. И за сите. Заложбите опфаќаат: родова рамноправност, живот ослободен од насилство за секоја една преку соодветна законска рамка, пристапни сервиси за поддршка, превенција и едукација, еднакви можности на пазарот на трудот преку намалување на родовиот јаз во платите и воведување на економија на грижа, еднаква застапеност на жените на одлучувачки позиции, до 50-50% во парламентот и 40% квота од помалку застапениот пол на сите позиции, сексуално и репродуктивно здравје и права преку едукација, заштита и превенција на младите девојки и жени, правата на жената Ромка преку нејзина целосна интеграција, вклученост и достапно обрзование.

## Неподмитливите во Собранието на Левица

Во програмата Неподмитливите во Собранието на Левица фокус на родовите прашања има во поглавјето I. Труд и социјална правда сегмент за Женски прашања и полова еднаквост.

Во рамките на овој сегмент наведени се неколку заложби и мерки кои се однесуваат на обезбедување родова рамноправност и подобро место на жената во општеството и тоа:

Клучната заложба се однесува на промовирање лев феминизам и унапредување на правата на жената ‚преку надминување на патријархалниот морал, културната заостанатост и мизогините ставови“. Исто така, како заложба се наведува и признавање на невидливиот труд и грижата за семејството.

Како конкретни мерки за поддршка на мајчинството кај жените работнички се предвидува дуплирање на породилното отсуство, флексибилно или скратено работно време во период од три години по раѓањето, враќање на истото работно место на кое била работничката пред породилното отсуство, и воведување на платено породилно отсуство за жените земјоделки.

**Единствено во изборната програмата на Левица се предвидува мерка за надминување на менструалната сиромаштија преку обезбедување можност за неплатено менструално отсуство и даночни олеснувања за производи кои се корисниза менструална хигиена и репродуктивното здравје.**

Во останатите програмски сегменти на **Платформа # 1198 на ВМРО-ДПМНЕ**, политиките за жени се опфатени во:

- Поглавјето I. Борба за квалитетен животен стандард, и тоа:
Во рамки на Национален план за демографија за мајките кои се вработени се предвидува дополнителна финансиска поддршка по завршување на породилното отсуство во вид на поврат на уплатен данок на личен доход за секое новородено дете. Исто така се предвидува и поддршка за фирмите работодавачи на мајки како ослободување од плаќање придонеси од задолжително здравствено и осигурување во случај на невработеност, како и данок на личен доход во период од три години сметано од денот на вработувањето, со обврска работодавачот мајката да ја задржи на работно место онолку години колку што се користи мерката. Предвидени се до шест (6) бесплатни оплодувања ин витро без разлика на имотната состојба или бројот на деца што ги има жената.

Во програмскиот сегмент Земјоделство и храна за Македонија, во аспектот Развој на руралните средини се предвидуваат проекти за поддршка на жени земјоделки.

- Поглавјето IV. Функционален систем за граѓаните, во програмскиот сегмент Ќе има квалитетен здравствен систем, предвиден е посебен аспект Грижа за здравјето на жените преку подигнување на свеста за здравјето на жените и отворање на посебен центар за ин витро фертилизација во рамки на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство.

- Поглавјето V. Патриотизам што обединува предвидува:
Во сегментот Безбедност и одбрана, Зајакнување на улогата на жената во безбедносните структури во полицијата преку еднаква застапеност на жените на раководни позиции во полицијата.
Во сегментот Спортот национална гордост се предвидува посебен аспект Жената во спортот, каде се предвидува да се стави акцент на зголемување на вклученоста на жените и девојчињата во професионалниот и рекреативен спорт, како и дополнителна финансиска поддршка за спортските клубови што ќе го овозможат тоа и континуирана промоција на женскиот спорт и на остварените спортски резултати.

Во останатите поглавја на **Програма за европска иднина 2024 на СДСМ и Коалицијата за европска иднина** политики и мерки за жени и родови прашања се сретнуваат во:

- Поглавјето I. Нова економска енергија за европски раст и стандард предвидува финансиска поддршка за жените земјоделки во вид на грантови до 6.000 ЕУР и зголемување на грантот до 10.000 ЕУР. Понатаму:

Во сегментот 1. Македонија на европскиот пазар се потенцира заложбата за еднакво учество на жените т.е ‚Зголемувањето на учеството на жените и ранливите групи во економските активности е од суштинско значење за постигнување социјална еднаквост и инклузивен раст", без притоа да се наведат конкретни мерки како ќе се зголеми учеството.

Во сегментот 4. Вкусот на Македонија се предвидува зголемување на Програмата за мајчинство 2024 на 100.000 МКД како надоместок за породилно отсуство од 9 месеци и до 2027 зголемување до 150.000.

·Во поглавјето III. Грижа за сите, се сретнуваат мерки во:

- Сегментот 1. Повеќе и подобро за сите се предвидува мерка за поттикнување на родова еднаквост преку економско зајакнување и независност на жените. За да се мотивира приватниот сектор да вработува жени се планира формирање на фонд на поддршка – ослободување од придонеси во рок од 12 месеци за вработување на долгорочно невработени жени, корисннички на ГМП и жени кои се жртви на семејно и родово базирано насилство.

Сегментот 2. Европски стандарди за македонското здравство во делот на примарна здравствена заштита се предвидува дополнување на мамографскиот скрининг.

- Во поглавјето V. Безбедна Македонија се претставени заложби за обезбедување еднаквост помеѓу мажите и жените во одбраната и безбедноста. При тоа се истакнуваат заложбите за имплементација на родовата еднаквост на ниво на закони, стратегии и сл. и продолжување на започнатите активности за подобрување на родовата рамноправност, но освен наведување на досега превземените мерки за подигнување на родовата рамноправност (како што се нулта толеранција во Армијата за сексуално вознемирување, заштита од вознемирување на работно место, примена на концептот на родово одговорно буџетирање во Армијата и сл). не се наведуваат нови мерки или проекти.

- Во поглавјето IV. Европски квалитет на живот, дел 4. Спорт за здрав живот се истакнува дека продолжуваат активности за зајакнување на родовата еднаквост во спортот и тоа до 50% вклученост на жените во управувачките структури на клубовите и федерациите. При тоа се истакнува и заложбата федерациите и клубовите кои добиваат финансиска државна поддршка да овозможат функционирање на машки и женски спорт.

**Во програмата Европа 2030 на Европски фронт мерките за родови прашања се опфатени во следните поглавја и сегменти:**

- Поглавјето I. Еден премиер за сите, сегментот 1.1 Добро владеење, дефинирана е заложба Учество според која се предвидува мажите и жените да имаат еднакво учество во одлучувањето а процесот на учество треба да биде организиран на тој начин што ќе даде еднаков и транспарентен пристап до информациии на мажите и на жените .
- Во поглавјето 3 Договор за економски консензус вклучена е заложба Еднакви можности за сите во која се предвидува еднакво учество во економијата за сите, вклучително и на родова основа. Во ова поглавје исто така вклучени се мерки:
–Во сегментот Одржлив развој и зелена трансформација, дел Рурален и земјоделски развој, се предвидува поддршка за жените во земјоделството преку субвенционирање на неповратни средства во вид на грант од 6.000 ЕУР, како и обезбедување предност на жените при набавка на механизација. Сегментот Рамномерен регионален развојпревидува стимулации и посебни програми за вработување и основање на претпријатија од жени, ослободување од даноци, воведување на статистики за женско претприемништво, обуки за жени. Се предвидува и Закон за поддршка на социјалните претпријатија за да им се излезе во пресрет на жените и младите во основањето на овие претпријатија, формализирање на неформално вработување кај жените, и намалување на разликите во стапките на вработување кај мажите и жените.

> **Заложба: „Подобрување на пристапот на жената во здравствена нега и зголемување на вклучувањето на децата во предучилишните институции, особено во руралните средини“.**
>
> **Извадок од изборната програма Европа 2030 на Европски фронт**

Како посебна мерка е Обезбедување на највисока стапка на родова еднаквост во планските региони преку: подобрување на практиките за утврдување на родовите прашања, зајакнување на капацитетите за родова еднаквост на членовите на општинските совети, Комисијата за еднакви можности (КЕМ) и Комисијата за социјална, здравствена заштита на децата, системско прибирање на податоци поделени според полот и нивна анализа од родов аспект и зголемување на вклученоста на децата во градинки, создавање на можности за активирање на пазарот на трудот за родители, особено мајки.

Во сегментот Активни млади лица и еднакво општество, во делот 3.5.4 Спорт и рекреација, се предвидува Унапредување на родовата рамноправност во спортот преку програми и турнири за девојки и жени, преку кои тие ќе имаат еднакви можности да ги развијат своите спортски вештини, промовирање на жените тренери и лидери во спортот, значителна поддршка на спортските клубови, специјализирани клубови за жени и девојки. Во делот 3.5.6 Семејството столбот на општеството индиректно се предвидуваат и мерки за зајакнување на положбата на жената во општеството и тоа платено семејно отсуство, вклучително породилно и татковско отсуство, и пристап до здравствена нега за сите членови на семејството.

**Коалицијата Вреди во својата изборна програма План 2030 предвидува родови мерки и тоа:**

- Поглавјето VII. Благосостојба и економија предвидува, слично како и Коалицијата за европска иднина, воведување на Квота 40% жени односно вклучување на жените во 40% на сите нивоа. Се предвидува позитивна дискриминација за работни позиции кои се пополнуваат по пат на конкурс при што во случај на изедначени поени ќе се фаворизира помалку застапениот род на тоа работно место и намалување на данокот на добивка за бизнисите кои ќе вработуваат млади и жени

**Левица во својата програма Неподмитливите во Собранието има вклучени неколку родови мерки низ програмата и тоа:**

- Поглавјето XII. Јавна безбедност и народна одбрана во сегментот Полиција предвидува воспоставување посебно кадровско одделение за справување со случаите на семејно насилство, полово и родово базирани кривични дела.

·Понатаму, во другите поглавја се предвидуваат мерки за поддршка на самовработувањето преку пристап до безкаматни кредити и грејс период на исплата на кредитите кај жените занаетчии и жените стечајки.

Опширната анализа на изборните програми на политичките партии и коалиции за парламентарните избори покажува дека опфатот на родовите прашања и прашањата поврзани со младите е обемен. Ова особено се однесува на политиките и мерките за млади кои можат да се најдат кај секој политички субјект и речиси во секоја област од општественото живеење претставена во изборните програми.

Во скоро сите изборни програми предложените мерки не се поткрепени со временски рокови за нивното спроведување ниту пак има предложено показатели преку кои би се следело спроведување на истите. Поради ова е скоро невозможно да се процени дали предложените мерки се остварливи и каков вид и обем на човечки и финансиски ресурси се потребни за спроведување на програмите.

## *Родови прашања*

Подлабинската анализа покажа дека опфатот на родовите прашања е површен и главно се однесува на обезбедувањето поддршка за жените со цел тие да станат економски понезависни, но и да бидат подостапни и пофлексибилни како столб на семејството што не секогаш води кон рамноправност на половите. Понатаму, политиките и мерките за жени кои се претставени во изборните програми главно се многу слични, а особено оние кои се однесуваат на жените земјоделки каде главната мерка е да им се обезбеди платено породилно отсуство – нешто што како мерка е веќе иницирано. Другите мерки се однесуваат на финансиска поддршка и грантови за проекти кои ќе го поттикнат ангажманот на жените земјоделки во руралниот развој. Тоа што се забележува е дека планираната поддршка кон жените земјоделки не оди чекор понатаму т.е. не се предвидени мерки кои би ги растеретиле жените земјоделки од постоечките обврски дома на сметка на нивни ангажман во земјоделството.

Подлабинската анализа покажа дека опфатот на родовите прашања е површен и главно се однесува на обезбедувањето поддршка за жените со цел тие да станат економски понезависни, но и да бидат подостапни и пофлексибилни како столб на семејството што не секогаш води кон рамноправност на половите. Понатаму, политиките и мерките за жени кои се претставени во изборните програми главно се многу слични, а особено оние кои се однесуваат на жените земјоделки каде главната мерка е да им се обезбеди платено породилно отсуство – нешто што како мерка е веќе иницирано. Другите мерки се однесуваат на финансиска поддршка и грантови за проекти кои ќе го поттикнат ангажманот на жените земјоделки во руралниот развој. Тоа што се забележува е дека планираната поддршка кон жените земјоделки не оди чекор понатаму т.е. не се предвидени мерки кои би ги растеретиле жените земјоделки од постоечките обврски дома на сметка на нивни ангажман во земјоделството.

Интересни се заложбите во областа на спортот каде речиси сите политички субјекти се залагаат за поголема рамноправност на жените во спортот. Дел од политичките субјекти одат и понатаму преку предлагање на конкретни мерки за зајакнување на позицијата и бројот на жени во управувачките тела во федерациите и клубовите, како и поголема поддршка на женски клубови и женскиот спорт. За жал во ниту една од анализираните програми не беа предложени мерки преку кои би се зголемило учество на жените во т.н.р. ‚не типично женски спортови" како на пример фудбал и/или бокс и на тој начин да се намали јазот на учество на жените во ‚типично женски спортови" и неучество на жените во ‚типично машки спортови"

Во изборните програми за овој циклус на избори подоминантно место имаат и заложбите и мерките за намалување на јазот во платите помеѓу мажите и жените, како и мерки за обезбедување еднаква застапеност на половите на работните места во администрацијата. Заложбите и конкретните мерки за квоти на жени во политиката и на управните позиции исто така се вклучени во најголем дел од изборните програми. Како и во претходните изборни програми и сега со воведување на ваква мерка се претпоставува/очекувазголемено учество на жените во политиката и во  одбори да резултира со родово чувствителни политики и услуги. За жал досегашната пракса во светот, но и во државата потврдува дека зголемување на бројот на женитее само прв чекор и основа засуштествени промени т.е зголемено учество на жените во политиката и на управните позиции не е цел сама за себе. Родова еднаквост и еднакви можности се постигнува со освестување и поддршка во континуитет, на тие кои се веќе вклучени. Ваков тип на мерки не беа предложени во анализираните програми.

Дополнително, интересно е да се спомене дека во изборните програми се препознава и важноста за активно вклучување на жените во безбедносниот систем на државата  – низ различна перспектива. Кај некои политички субјекти тоа значи само повторување на веќе преземени мерки и активности, додека кај други има и нови заложби за посистемска улога на жените како на пример основање на посебни ентитети кои ќе го имаат за фокус местото на жената во безбедноста и одбраната.

На крајот, може да се констатира дека заложбите за жените од помалите етнички заедници се минорни. Единствено можат да се најдат заложби за опфат на жените Ромки во делот на образование, вработување и здравство, но сепак недостигаат поконкретни мерки, ниту предложени пристапи како да се опфатат жените од помалите етнички заедници.

·Од особена важност е граѓаните поблиску да се запознаат со опфатот на родови прашања во рамки на изборните програми. На таков начин и тие ќе можат самостојно или со поддршка на граѓанскиот сектор да бараат поголема отчетност од властите на национално и локално ниво.

Иако опфатот на мерки кои се однесуваат на родовите прашања може да биде подлабински и постратешки, сепак и за овие мерки кои се вклучени од особена важност е тие да бидат операционализирани во конкретни програми, да вклучат и финансиски проекции и буџет потребен за реализација како и извори од каде ќе се обезбедат финансиските средства.

Со оглед на постоењето голем број на приоритети на владата и тенденција за маргинализација на прашањата за родова рамноправност мошне важно е да постои заложба и активно лобирање за овие мерки од страна на граѓанскиот сектор и на граѓаните за спроведување на мерките преку постојан мониторинг на работата на влада .

Неопходно е да се води дијалог и јавна дискусија околу операционализацијата на мерките за жени кои се поместени во изборните програми на политичките субјекти. Таквата јавна дискусија особено треба да даде можност за еднаква застапеност на потребите и решенијата на регионална, етничка и полова основа.

·Опфатот на родовите прашања во изборните програми, а кои специфично ее однесуваат на помалите етнички заедници, треба да биде поголем и да вклучува повеќе мерки и пристапи за третман на потребите на овие заедници.

# 07 Преглед на вклученоста на ветувањата за родовите прашања во Програмата за работа на Владата 2024 - 2028

Анализата на изборните програми за парламентарните избори 2024 на политичките субјекти кои сега ја сочинуваат Владата (ВМРО-ДПМНЕ, Коалицијата ,Вреди" и Движењето Знам) покажа дека во нив беа застапени мерки и политики кои се однесуваат на младите и на родовите прашања. При тоа кај политичките субјекти кои сега ја сочинуваат Владата т.е ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата ,Вреди, беа издвоени посебни поглавја посветени на младите, додека кај Движењето Знам имаше неколку мерки за млади кои беа дел од тематските подрачја на нивната програма. Ова зборува дека политичките субјекти ветуваа и постаратешки пристап кон младинските прашања и прашањата поврзани со жените

Оваа компаративна анализа има за цел да истражи во кој обем ветените мерки во областа на родовите прашања, јакнењето на жените и вклучувањето на младите кои беа дел од изборните програми на сега владеачките партии, се вклучени во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028. Поконкретно анализата ќе опфати преглед на ветувањата во:

- Изборната програма на ВМРО- ДПМНЕ ,Платформа # 1198".
- Изборната програма на Коалицијата ,Вреди" ,План 2030".".
- Изборната програма на Движењето Знам ,Проглас за достоинствена Македонија".

## ***Компаративна анализа на опфатот и третманот на родовите прашања***

Анализата на родовите прашања во изборните програми на политичките субјекти ВМРО- ДПМНЕ и Коалицијата ,Вреди" кои се сега дел од Владата, покажа дека нивниот опфат е ограничен, односно недостига длабинска интеграција на родови мерки и политики низ сите области и на сите нивоа на програмите.

Во изборната програма на Движењето Знам овие прашања воопшто не беа третирани, па затоа во понатамошната анализа претставена е компарација на ветувањата за родовите прашања предвидени во изборните програми на ВМРО – ДПМНЕ и Коалицијата ,Вреди" наспроти мерките вклучени во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028.

### ***Заложби и мерки од Платформа #1198 – клучни наоди***
### ***Поглавје VI. права и слободи - програмски фокус жената центар На македонското општество***

Во Платформа #1198 на ВМРО-ДПМНЕ фокус на родовите прашања беше даден во поглавјето VI. Права и слободи, програмски сегмент Жената-центар на македонското општество. Овој фокус е задржан на ист начин и во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028, но целините кои опфаќаа различни теми во рамки на Платформа #1198, во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 не се издвоени со посебни поднаслови.

Од вкупно 4 целини со ветувања во програмскиот сегмент Жената-центар на македонското општество (против семејно насилство, поддршка на жената во семејството, економска независнот и здравство) во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 предвидени се заложби и мерки кои упатуваат на 3 целини. . Четврта целина, жената во семејството , која е вклучена во Платформа #1198 речиси воопшто не е вклучена во Програмата за работа на Владата, односно преземени се дел од мерките за флексибилност при вработување, но тие мерки не се исклучиво само за жени.

Во целината здравство иако се вклучени предизборните ветувања од Платформа #1198, сепак во Програмата за работа на Владата нема конкретни мерки како ќе се остварат заложбите.

Компаративна Табела 1– Компарација на Платформа #1198, програмски сегмент Жената-центар на македонското општество со Програма за работа на Владата 2024 – 2028

| **Платформа # 1198 (изборни ветувања)** | **Програма за работа на Владата 2024 – 2028 (извадоци)** |
|---|---|
| Против насилството врз жените - отворање нови десет центри за згрижување и поддршка на жени жртви на полово базирано насилство, лиценцирање на давателите на услуги за специјализирани сервиси за полово базирано насилство, како и формирање мултисекторски општински тимови кои постапуваат според предвидениот модел за пријава на случаи на различни форми на насилство. Исто така, се предвидува и зајакување на капацитетите на професионалците кои даваат услуги на жртвите на насилство. Понатаму, како посебен дел за борба против насилството се обработува надминувањето на проблемот со насилство во училиштата преку нови програми за советување на деца и родители како и нови процедури за постапување. | Заложби:<br><br>·Нулта толеранција за различните облици на насилство на кои се изложени жените.<br><br>·Подобрување на пристапот до специјализирани сервиси за поддршка на сите жени и нивните деца, зголемување на бројот и подобрување на квалитетот на сервисите за поддршка.<br><br>Мерки:<br><br>·Ќе се отворат нови десет центри за згрижување и поддршка на жени жртви на полово базирано насилство<br><br>·Меѓуресорна група на Владата која ќе работи на борба против насилството врз жената преку зајакнување на законската регулатива, преку посилна и редовна координација на државните и локалните институции и невладините организации, како и преку доследна имплементација на потпишаните меѓународни договори, конвенции и резолуции за човековите права и заштита од насилството врз жената. |
| Македонското здравство-поддржувач на жените, во кој се предвидува „достапна, ефикасна превентивна здравствена заштита заради спречување на малигните заболувања кај жените, права на пристап до соодветни здравствени услуги кои на жените ќе им овозможат безбедна бременост и породување, а на двојките ќе им ја дадат можноста да имаат здраво новороденче.“ Исто така, се обработува и напредување на репородуктивното здравје кај жените. | Заложби:<br><br>·Особено ќе се залагаме за пристап до квалитетна здравствена заштита, посебно кај социјалните ранливи групи на население за ХИВ/СИДА и други сексуално преносливи инфекции, за абортус, за инфертилитет, за малигни заболувања на дојка и матка.<br><br>·Ќе се обезбеди достапна, ефикасна превентивна здравствена заштита заради спречување на малигните заболувања кај жените |

.

| Платформа # 1198 (изборни ветувања) | Програма за работа на Владата 2024 – 2028 (извадоци) |
|---|---|
| | Права на пристап до соодветни здравствени услуги кои на жените ќе им овозможат безбедна бременост и породување, а на двојките ќе им ја дадат можноста да имаат здраво новороденче |
| Јакнење на економската независност на жените каде како посебни мерки се издвојуваат еднакви плати за жените и мажите, потоа подобрување на условите за жените земјоделки преку системско решение со кое жените земјоделки ќе можат да си го остварат правото на пензија и породилното отсуство, реализација на курсеви за преквалификација и доквалификација, поддршка на мајки на деца со попреченост, како и образование достапно за сите девојчиња за кое се вели: „целосно ќе ги вклучиме во образовниот процес и оние млади девојки кои сè уште не се дел од истиот. На младите девојки ќе им обезбедиме кариерно советување во училиштата.“ | Заложби:<br><br>· Меѓуресорската група на Владата ќе работи на мерки за целосно да ги вклучиме во образовниот процес и оние млади девојки кои сè уште не се дел од истиот.<br><br>Мерки:<br><br>· Преку социјален дијалог ќе се работи на намалување на разликите во платите помеѓу мажите и жените, преку воспоставување неутрален план за класификација на занимањата во кои доминираат работничките.<br><br>·Институциите ќе развиваат планови и програми во рамките на активностите на Агенцијата за вработување за поголемо вклучување на жените од урбаните и руралните средини на пазарот на трудот, подготовка на годишни програми за женско претприемништво и континуирано зголемување на буџетите за оваа намена на годишно ниво. |
| Поддршка на жената во семејството каде се предвидени стимулативни мерки за родилки, како на пример поддршка за работодавачите кои воделе флексибилна работа од дома која им овозможува на жените да ги прилагодат своите семејни и работни обврски, како и посебни мерки за бремени жени и доилки кои се однесуваат на психолошка поддршка на жени во текот на целата бременост и постпородилно. | Мерки (во програмски сегмент Продуктивни и високоплатени работни места):<br><br>- Поголема флексибилност на работното време кај новите родители во првите години од родителството (работа од дома, флексибилност во користење на работни саати во текот на неделата согласно со уредувањето на работењето на работодавачот); |

Во **Платформа #1198 на ВМРО–ДПМНЕ** дел од меѓуресорските политики за родови прашања беа прикажани во Поглавјето I. Борба за квалитетен животен стандард, кое пак во Програмата за работа на Владата сега е Поглавје I. Квалитетен животен стандард– Нов циклус на економски раст, и при тоа ги вклучува истите ветени заложби и мерки. Дополнително, мерките за поддршка на мајките како и фирмите кои вработуваат мајки се дополнително прецизирани.

- Во рамки на Поглавјето I, исто како и во изборната програма, така и во Програмата за работа на Владата вклучен е посебен програмски сегмент за земјоделство кој се вика Развиено Земјоделство. Ветувањето од Платформа #1198 за поддршка на проекти за жени во руралните средини е вклучено и во Програмата за работа на Владата во сегментот Развиено земјоделство, на ист начин, со цел намалување на иселувањето од руралните средини, но без посебно прецизирање за какви проекти станува збор.

- Поглавјето IV. Функционален систем за граѓаните, во Програмата за работа на Владата се именува како Функционален институционален систем. Во рамки на ова поглавје во програмскиот сегмент Квалитетен здравствен систем на ист начин е вклучено ветувањето за формирање центар за ин витро фертилизација во рамки на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство, но не и заложби и мерки за подигнување на свеста за женското здравје.

- Поглавјето V. Патриотизам што обединува, во Програмата за работа на Владата се именува како Национални приоритети. Во програмскиот сегмент Безбедност и одбрана вклучена е заложбатазастапеност на жените во безбедносните структури. Таквата заложба превидува “соодветна затстапеност на жените во безбедносните структури“, додека пак во изборната програма стануваше збор за ветување за “еднаква застапеност на жените на раководните позиции,. Исто така, нема конкретни мерки како тоа ќе се постигне. Во програмскиот сегмент Спортот национална гордост во Програмата за работа на Владата нема заложби и мерки за жени и родови прашања, иако во Платфрома #1198 имаше ветувања на тема Жената во спортот

Компаративна Табела 2– Компарација на Платформа #1198, мултисекторски политики со Програма за работа на Владата 2024 – 2028

**Платформа # 1198**
**(изборни ветувања)**

Поглавје I. Борба за квалитетен животен стандард:

- Во рамки на Национален план за демографија за мајките кои се вработени се предвидува дополнителна финансиска поддршка по завршување на породилното отсуство во вид на поврат на уплатен данок на личен доход за секое новородено дете. Исто така, се предвидува и поддршка за фирмите работодавачи на мајки како ослободување од плаќање придонеси од задолжително здравствено и осигурување во случај на невработеност, како и данок на личен доход во период од три години сметано од денот на вработувањето, со обврска работодавачот мајката да ја задржи на работно место онолку години колку што се користи мерката. Предвидени се до шест бесплатни оплодувања ин витро без разлика на имотната состојба или бројот на деца што ги има жената.

-Во програмскиот сегмент Земјоделство и храна за Македонија, во аспектот Развој на руралните средини се предвидуваат проекти за поддршка на жени земјоделки.

**Програма за работа на Владата 2024 – 2028 (извадоци)**

Поглавје I. Квалитетен животен стандард, - Нов циклус на економски раст
Мерки:

Свесни за демографските предизвици со кои се соочува Македонија и стапките на фертилитет кои се влошуваат, Владата ќе ги унапреди постојните и ќе воведе нови мерки за поддршка на родителите и тоа:

-Зголемена еднократна финансиска поддршка за прворodено дете;

-Драстично зголемување на еднократна финансиска поддршка за второродено дете;

-Воведување еднократна финансиска поддршка за близнаци, третородено и секое наредно родено дете.

За мајките кои се вработени предвидуваме дополнителна финансиска поддршка по завршување на породилното отсуство и тоа:

-Една година поврат на уплатен данок на личен доход за прворoдено дете;

-Две години поврат на уплатен данок на личен доход за второродено дете;

-Поврат на уплатен данок на личен доход за третородено и секое следно родено дете, кој ќе трае до полнолетството на првороденото дете.

За фирмите кои ќе вработат мајки на три или повеќе деца предвидуваме ослободување од плаќање на придонеси од задолжително здравствено и осигурување во случај на невработеност, како и данок на личен доход во период од три години сметано од денот на вработувањето, со обврска работодавачот мајката да ја задржи на работно место онолку години колку што се користи мерката.

| | |
|---|---|
| | Ќе воведеме можност секоја жена без разлика на имотната состојба или бројот на деца што ги има, да добие до шест бесплатни оплодувања ин витро.<br>Заложби:<br>Поддршка на проекти за жени земјоделки |
| Поглавје IV. Функционален систем за граѓаните, во програмскиот сегмент Ќе има квалитетен здравствен систем, предвиден е посебен аспект Грижа за здравјето на жените преку подигнување на свеста за здравјето на жените и отворање на посебен центар за ин витро фертилизација во рамки на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство. | Поглавје IV. Функционален институционален систем<br><br>Квалитетен здравствен систем<br><br>Ќе отвориме современ центар за ин витро фертилизација на Универзитетската клиника за гинекологија и акушерство |
| Поглавје V. Патриотизам што обединува<br><br>во сегментот Безбедност и одбрана, Зајакнување на улогата на жената во безбедносните структури во полицијата преку еднаква застапеност на жените на раководни позиции во полицијата.<br><br>Во сегментот Спортот национална гордост се предвидува посебен аспект Жената во спортот, каде се предвидува да се стави акцент на зголемување на вклученоста на жените и девојчињата во професионалниот и рекреативен спорт, како и дополнителна финансиска поддршка за спортските клубови што ќе го овозможат тоа и континуирана промоција на женскиот спорт и на остварените спортски резултати. | Поглавје V. Национални приоритети<br>Безбедност и одбрана<br><br>Заложба:<br>Зајакнувањето на улогата на жените претставува едно од фундаменталните начела на демократијата. Соодветната застапеност на жените во МВР, МО и во другите институции од разузнавачко-безбедносниот сектор ќе гарантира вистинско почитување на принципите на полова рамноправност.<br><br>Спортот национална гордост<br>Нема вклучени заложби и мерки |

## Заложби и мерки од План 2030 – клучни наоди

Анализата на Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 покажа дека во неа не се вклучени изборните ветувања на Коалицијата ‚Вреди“. Конкретно, не е вклучена родовата мерка квота 40% жени, односно вклучување на жените во 40% на сите нивоа, мерката за позитивна дискриминација за работни позиции кои се пополнуваат по пат на конкурс и мерката за намалување на данокот на добивка за бизнисите кои ќе вработуваат жени.

# 08 Заклучни согледувања од компаративната анализа

## Генерални заклучоци

Форматот во кој е изработена Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 се заснова на набројување на заложби, активности и мерки, недоволно прецизирани и јасни цели и делумно присуство на квантитативни и уште помалку квалитативни показатели. Исто така во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 не се издвојуваат поднаслови и теми како шпо тоа беше случај во изборните програми, што дополнително го усложнува следењето на опфатот на некои од мерките, како и утврдувањето на кои групи се однесуваат ваквите мерки. Во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 отсуствува временска рамка за реализација на посебните мерки што дополнително го отежнува следењето на реализацијата на мерките од интерес на оваа анализа.
Ваквиот формат оневозможува јавноста да знае кои се конкретните цели кои треба да се исполнат во четиригодишниот мандат на Владата, и какви резултати се очекуваат, односно каков ефект треба да дадат предвидените мерки.

Во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 отсуствуваат дел од квантитативните показатели кои биле ветени во изборната програма на ВМРО– ДПМНЕ ‚Платформа #1198". Со тоа дополнително се отежнува следењето на исполнувањето на изборните ветувања.

Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 воглавно е изготвена врз основа на "Платформа #1198" додека родовите мерки кои биле вклучени во програмите на другите политички субјекти кои се сега дел од Владата не се третирани посебно, ниту специфично интегрирани, односно вклучени се мерки кои и онака биле планирани во Платформа #1198.

## Родови прашања

Во однос на застапеност на родовите прашања може да се каже дека поголемиот дел на заложби и мерки кои ВМРО-ДПМНЕ ги предвиделе во Платформа #1198 се вклучени во Програмата за работа на Владата 2024 -2028.

Родовите прашања остануваат релативно недопрецизирани, бидејки за еден дел од нив како што покажа и анализата нема мерки туку се третирани на ниво на заложби.
Родовите прашања од ‚План 2030" наКоалицијата ‚Вреди",  иако беа минимално третирани само преку мултисектори политики и мерки, не се вклучени во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028.

# 09 Препораки

-Имајќи го во предвид форматот на Програмата за работа на Владата 2024 – 2028, можно е дел од мерките кои сега не се доволно јасни или прецизирани, како и дел од заложбите, да бидат понатаму обработувани во рамки на посебните сектори и Министерства. Затоа, се препорачува да се планира и спроведе дополнителен национален мониторинг на застапеност на ветените мерки за родови прашања во националните стратегии, плановите, стратегиите на министерствата и слични работни документи со цел да се утврди дали ќе има дополнително операционализирирање на заложбите, како и на оние мерки кои не се доволно прецизирани или за кои отсуствуваат јасни показатели.

-Се препорачува идното планирање на Владата и на Министерствата за 2025 година и понатаму да опфати специфични цели, временски рокови, јасни очекувани резултати и квантитативни показатели кои ќе овозможат следење на исполнувањето на дадените ветувања.

-Се препорачува понатамошно ширење на резултатите од оваа анализа со цел да стигнат до јавноста т.е директно до граѓаните и на таков начин граѓаните да се информираат какво е местото на нивните приоритети во Програмата за работа на Владата 2024 – 2028 и да се заложат за нивна имплементација.

-Се препорачува граѓанските организации кои делуваат на локално ниво да спроведуваат тековно мониторинг на годишните програми за работа на локалните самоуправи за да се утврди дали некои од мерките за млади и родовите прашања ќе бидат транспонирани на локално ниво, во која форма и да се утврди понатамошен план за следење на нивната реализација. Ова особено се препорачува за следење на програмите на локалните самоуправи преку кои ќе се имплеменитра ветената поддршка од 250 милиони ЕУР за локалните самоуправи.

-Граѓанските организации да ги застапуваат своите барања до Владата надлежните министерства и агенции со цел оној дел од програмите во кои се вклучени заложби да се операционализира во конкретни мерки и истите да се имплементираат понатаму.